Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 02-110/23

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 446-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Скопје, 29-ти Јуни 2023 година

Седницата се одржа на ден: 29.06.2023, четврток во 10:50 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **Ханиф Зендели** заменик претседател;
- **Мери Радевска**, член;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член *(онлајн преку апликацијата Вибер)*;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **Мирсад Суроји**, член *(користи годишен одмор)*;
- **Весна Дамева**, член *(користи годишен одмор)*;
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд *(уредно поканета, но не известила за причините за отсуство)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *уредно поканет, но не известил за причините за отсуство)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, генерален секретар;
- **Александра Шоптрајанова**, самостоен референт;
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл.8 ст.1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог дневниот ред за 446-та седница.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по предлог дневниот ред.

Откако констатира дека никој не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев предлог дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записници од:
- 438-та седница на Судскиот совет на РСМ од 26.04.2023 година, 09.05.2023 и 10.05.2023 година;
- 439-та седница на Судскиот совет на РСМ од 27.04.2023 година и 04.05.2023 година;
- 440-та седница на Судскиот совет на РСМ од 04.05.2023 година и
- 441-та седница на Судскиот совет на РСМ од 04.05.2023 година;

2. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;

3. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:
- УПП бр.168/23, 184/23, 201/23 и 205/23;
- УПП бр. 393/22, 462/22, 97/23, 111/23, 134/23 146/23, 158/23, 161/23, 165/23, 174/23, 187/23 и 192/23;
- УПП бр. 70/23, 167/23, 177/23, 179/23;
- УПП бр.66/23, 176/23, 202/23;
- УПП бр. 211/23;
- УПП бр. 180/23, 195/23 и

4. Разно.

**Точка 1**

(Усвојување на Записници од: 438-та седница на Судскиот совет на РСМ од 26.04.2023 година, 09.05.2023 и 10.05.2023 година; 439-та седница на Судскиот совет на РСМ од 27.04.2023 година и 04.05.2023 година; 440-та седница на Судскиот совет на РСМ од 04.05.2023 година и 441-та седница на Судскиот совет на РСМ од 04.05.2023 година)

Процедурално за збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека обврска на Генералниот секретар на Советот е по изготвување на записниците да истите ги провери. Посочи дека не се сомнева дека не се проверени, но сака потврда од страна на Генералниот секретар на Советот дали содржината на записниците одговара со тонскиот запис и дали во тој дел од нејзина страна е посветено поголемо внимание, имајќи во предвид дека е поминат подолг временски период, а се работи за сензитивни настани.

За збор се јави Генералниот секретар на Советот **Весна Толева** и одговори дека бидејќи има забелешки по однос на записникот од 438-та седница од член на Советот во посочениот дел записникот е проверен и соодветствува писмениот дел со тонското снимање, а генерално сите записници се проверени и соодвествува тонскиот запис со писмениот запис. Истакна дека во поглед на посочените забелешки преслушан е тонскиот запис заедно со колешката која го изготвила записникот и констатира дека нема неусогласеност.

● Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по Записник од 438-та седница на Судскиот совет на РСМ од 26.04.2023 година, 09.05.2023 и 10.05.2023 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

● Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по Записник од 439-та седница на Судскиот совет на РСМ од 27.04.2023 година и 04.05.2023 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

● Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по Записник од 440-та седница на Судскиот совет на РСМ од 04.05.2023 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

● Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по Записник од 441-та седница на Судскиот совет на РСМ од 04.05.2023 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

(Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија)

● По повод 2-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев информираше дека од страна на Марија Ѓоргиева, судија на Основниот суд Струмица доставено е барање до Судскиот совет заведено под бр. 02-1172/1 од 05.06.2023 година со кое бара да и се констатира престанок на судиската функција заклучно со 30.06.2023 година, како би можела да оствари старосна пензија, бидејќи на ден 17.04.2023 година наполнила 62 години.

Согласно чл.18 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување е предвидено дека осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж.

Согласно чл.73 ст.1 ал.3 од Законот за судовите, в.в. со чл.54 ст.1 т.3 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија е предвидено дека судиската функција престанува поради исполнување на услови за старосна пензија.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Марија Ѓоргиева, судија на Основниот суд Струмица, поради исполнување на услови за старосна пензија - заклучно со 30.06.2023 година.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

**Точка 3**

(Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија)

**1.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **МЕРИ РАДЕВСКА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП.бр.168/23** од 20.04.2023 година – основана, во истата се изразува незадоволство во врска со предметот КЖ-442/22 од Апелационен суд Гостивар, кој предмет сеуште не е решен.Наведува дека се поодминати законските рокови, а одолговлекувањето на процесот му нанесува голема штета. Советот констатира да по однос на одолговлекувањето на постапката која ја споменува подносителот на претставка, судијата навремено и одговорно ги презема сите потребни дејствија во рамки на непречено одвивање на постапката и спроведување на сите активности, а согласно оптеретеноста односно приливот на предмети. Во таа смисла по спроведени извиди во постапувањето на судијата по предметите најде дека судијата редоследно постапувал по истите , а согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите.Во таа смисла од објективни, а не субјективни причини сеуште нема завршница по овој предмет. Видно од добиената изјава од судечкиот судија по предметот Советот констатира дека во моментов предметот е распределен и по истиот постапува друг судија од 01.06.2023 година. Во таа смисла на гореизнесеното Советот оцени дека наводите на подносителот се основани, па согласно истото координаторот надлежен за Апелационен суд Гостивар ќе продолжи ја следи работата и постапувањето на судијата, а подносителот треба да го сочека исходот од второстепената постапка.

По повод претставката УПП.бр.168/23 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека неспорно е од материјалите кои се доставени и од она што е наведено од колешката дека нема субјективни причини, меѓутоа станува збор за рок за одлучување по жалба од 6 месеци, а предметот не е завршен. Укажа дека фактот дека е прераспределен повторно од објективни причини на друг судија ќе го продолжи времето. Посочи дека за граѓаните тоа е предолг рок. Нагласи дека сите се свесни со состојбите во судството, со недостаток на судии, меѓутоа за граѓанинот е битно да се одлучи по предметот. Додаде дека не знае колку е добро во такви ситуации да се одговори дека се неосновани претставките. Дополни дека може да се даде барем објаснување за сето тоа од кои причини е така.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека сето тоа што е кажано и многу пошироко ќе биде дадено во известувањето до лицето кое ја поднело претставката.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека за граѓанинот претставката треба да биде основана, затоа што граѓанинот не е виновен што судијата има голем број на предмети, но затоа е Судскиот совет да оцени дали има субјективни или објективни причини. Во конкретниот случај треба да се одоговори на граѓанинот дека е точно дека неговата претставка е основана, но дека постојат објективни околности за истото.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека претставката основана. Укажа дека за судиите во процесните закони има дадено рокови за постапување. Без оглед на какви услови и со колкав број или обем на предмети е задолжен еден судија граѓанинот има право да бара судството да биде ажурно и да се

постапува и одлучува во определените рокови. Посочи дека Судскиот совет е надлежен понатаму наводите во претставката да ги проследи, па да утврди дали се работи за објективен или субјективен пропуст за почитување на наведените рокови.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека се работи за 3 месеци истек на рокот и ако сметаат дека за тие 3 месеци е основана се согласува, но замоли да се обрне внимание кај сите други претставки кога се работат во Советот, бидејќи има пропуштање на рокови со години, а се наоѓаат објективни причини, па се кажува неоснована. Нагласи да се има еднаква пракса.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека граѓаните не ги интересира состојбата во судовите каква е, во однос на пополнетост на судиски места. Укажа дека тоа е проблем којшто мора да се решава. Имало услови или не исто не ги интересира граѓаните. Посочи дека во таа насока смета дека граѓанинот треба да ги знае објективните причини кои се за протек на толку долг временски рок кога не се одлучувало по неговиот предмет и предметот понатаму да го следи координаторот на судот. Напомена бидејќи е дадена во работа на друг судија, да не се тргнува од рокот кога тој судија ја прима во работа, да се цени рокот кога е стигната во судот, затоа што тоа би значело дополнително пролонгирање на времето за одлучување.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека прифаќа претставката да оди како основана. Укажа дека ќе се образложи зошто е основана и кои се причините. Посочи дека инсистира за принципиелност за исти или уште полоши случаи.

Откако повеќе никој не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека расправата е затворена и известителот продолжи со реферирање на преостанатите претставки.

Претставка **УПП.бр.184/23** од 05.05.2023 година поднесена поради незадоволство од постапување на судија за извршување санкции од Основен суд Струга. Советот најде дека судијата за извршување на санкциите постапувајќи согласно член 137 и член 139 ст.2 од Законот за извршување на санкциите издал упатен акт за извршување на казната затвор од 14.9.2022 година. На ден 16.9.2022 година преку пошта бил направен обид да се достави упатниот акт до осудената на адресата кадешто живее, но бидејќи истата не била затекната било доставено известие за пратка да се јави да ја подигне истата, односно упатниот акт, а на ден 29.9.2022 година пратката е вратена со пешат од пошта Струга со резолуција дека пратката не била побарана. На ден 17.10.2022 година со известување од страна на КПУ Идризово судот бил известен дека осуденото лице не се јавило на издржување казна затвор. Согласно чл.141 ст.3 од истиот закон судијата истиот ден донел наредба за приведување, примена од МВР-ПС – Инспекторат за потраги на ден 20.10.2022 година. МВР-ПС Струга на ден 07.11.2022 година го известил судот дека е постапено по наредбата, но лицето не било пронајдено ниту на адреси за евентуално нејзино престојување и дека по нивните сознанија лицето веројатно било во Швајцарија каде е родена и веројатно има државјанство. На ден 26.12.2022 година судијата постапувајќи согласно чл.141 ст.4 од ЗИС издал наредба за

распишување на потерница за пронаоѓање и спроведување на осудената. Наредбата е примена на 28.12.2022 година и од тогаш од страна на МВР Струга не е доставено друго известие до судот. Видно од гореизнесеното, Советот констатира дека судијата постапил во целост во рамки на своите законски надлежности, навремено преземал дејтвија и активности, односно пропишани дејствија за извршување на пресуда.

Претставка **УПП.бр.201/23** од 22.05.2023 година е поднесена поради незадоволство од нестручно постапување на судија на Основен суд Прилеп – сега пензиониран и судија на Апелационен суд Битола, а поради намерно и неоправдано правање крупна професионална грешка согласно Законот за судовите. Советот најде дека со пресуда К.бр.478/16 подносителот е осуден за кривично дело ,,Кражба“ од чл.235 ст.3 вв ст.1 од КЗ со казна затвор од 6 месеци која нема да се изврши доколку во рок од 1 година не изврши друго кривично дело. Со пресуда КЖ-167/19 одбиена е жалбата на подносителот, а казната е преиначена со 100 дневни глоби. Видно гореизнесеното, наводите изнесени во претставката претставуваат жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува.

Претставка **УПП.бр.205/23** од 29.05.2023 година во истата подносителот наведува дека судијата не го прифатила како доказ лабараторискиот наод од Институтот за судска медицина, понатаму во отказното решение не бил наведен датумот - периодот на сторување на повредата, наводите во пресудата дека иницијативата за поведување на дисциплинска постапка е поднесена од неовластен подносител, како и тоа дека предлогот за поведување на постапка не ги содржал сите законски предвидени елементи. Советот најде дека министерот за внатрешни работи донел решение од 05.04.2021 година со кое на лице вработено во МВР на работно место полицаец во единица за брзо распоредување му се изрекува мерка ,,Откажување на договорот за вработување“ поради употреба и користење на наркотични средства. Видно од наводите изнесени во претставката подносителот изразува незадоволство од првостепена пресуда и станува збор за жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува. Во таа смисла, второстепениот суд, во конкретниот случај Апелационен суд Скопје е надлежен да постапува во втор степен по навремено изјавени жалби. Согласно направените извиди во Контролникот, Советот најде дека првостепената пресуда била предмет на оцена на надлежен второстепен суд, а одлуката е правосилна на 02.03.2023 година.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По повод преставката УПП.бр.08-168/23 гласањето се издвои и се констатира дека со 7 гласа „За“ и 2 гласа „Против“ донесена е следната:

О Д Л У К А

Се усвојува предлогот на известителот. Претставката УПП.бр.08-168/23 е основана.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека се задолжува координаторот на предметниот суд со претставката УПП.бр.08-168/23 со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.

Во продложение се спроведе гласање за останатите предлози на известителот. По гласањето се констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ донесена е следната:

О Д Л У К А

Се усвојуваат предлозите на известителот. Претставките УПП.бр.184/23, 201/23 и 205/23 се неосновани.

**2.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **ЛОРЕТА ГОРГИЕВА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пред да ги изложи пријавените претставки истакна дека претставката УПП бр. 08-393/22 на неколку наврати е повлечена од излагање на седница од причини што токму за тој предмет и други претставки за истиот судија биле предмет на контрола и оценка од страна на работната група која извршила посета во Основниот суд во Кавадарци. Со оглед на фактот дека извештајот за работата на Основниот суд Кавадарци и за увидот во конкретниот предмет не е поминат на седница на Советот целисходно е и овојпат да не се реферира преставката, како не би се дошло до контрадикторни заклучоци со извештајот на Комисијата. Истакна дека претставката **УПП бр.08-393/22** се повлекува и истата ќе биде реферирана на една од наредните седници.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **08-462-22 -** На 432 седница на Судскиот совет на РСМ одржана на 28.02.2023 година, предметот бил изложен, но бил повлечен по предлог на член на Совет, судија на Врховен суд на РСМ со цел да се побара дополнително произнесување од Врховниот суд на РСМ, во врска со наводите за непочитување на роковите за земање на предметот во работа. Заради истото претставката беше доставена на запознавање на претседателот на Врховниот суд на РСМ , како и беше доставено барање за произнесување по наводите од претставката од страна на судијата, а преку до претседателот на Врховен суд на РСМ.Во својата изјава судијата по однос на наводите во претставката, изјавува дека предметот Рев 2-523/21 судијата го примил на 09.03.2023 година, а како судија известител на 14.03.2023 година го изнел предметот пред советот за одлучување. Советот констатирал дека дека не се исполнети условите за постапување по изјавените ревизии од причини што кон списите на предметот не биле споени доставниците како би можело да се утврди кога странките ги примиле второстепените пресуди за да се утврди навременоста, односно ненавременоста на изјавените вонредни правни лекови. Од овие причини предметот бил административно вратен до пониските судови. Основниот суд Охрид постапил по укажувањето на Врховниот суд и со писмо П4-8/20 од 30.03.2023 година предметот бил вратен во судот ,

а примен кај судијата известител на 11.04.2023 година. Од контролата на судови,која се води во Судскиот совет видно е дека предметот Рев 2 523/21 бил примен на 05.11.2021 година, како што стои и во наводите на претставката на подносителот .Исто видно е дека датум на прво рочиште бил на 14.03.2023 година, завршна одлука на 30.05.2023 година и датум на архивирање на 06.06.2023 година. Со оглед на наведеното, Советот констатира дека Вашата претставка за постапување на судијата по конкретниот предмет во делот на роковите е основана и истата ќе биде проследена до членот на Судскиот совет на РСМ, кој како координатор ја следи работата на Врховниот суд на РСМ.

Претставка **08-97-23** - наводите по однос на првиот судија што го наведува подносителот во претставката нема да се елаборира од причина што истата повеќе не е судија во Основниот кривичен суд Скопје.Во изјавата од еден од судиите наведено е дека пред судот се води постапка К.бр. 11/18 за кривично дело "Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години" од член 188 ст. 1 в.в. со член 45 од КЗ , кој и бил доделен на постапување.Наведува дека е точно дека во својство на член на КС совет на судот постапувал по жалбата против решението на судијата на претходна постапка КПП бр. 366/17 од 01.06.2017 година за определување на мерка притвор против него , потоа во исто својство во донесување на решение КС бр. 115/17 од 07.06.2017 година а исто така во исто сојство постапувал по жалба поднесена против решение на судијата на претходна постапка КПП бр. 366/17 од 01.06.2017 година во донесување на решение КС бр. 134/17 од 29.06.2017 година што е неспорно. Воедно судијата потенцира дека тоа постапување не претставува никаква законска пречка да постапува како претседател на судечки совет во постапката 4К.бр. 11/18 според важечките одредби на ЗКП, ниту основ за изземање.Во изјавата на другиот судија наведен во претставката истакнато е дека претставката е сосема неоснована.Причина за изземање од апсолутен карактер согласно член 33 ст. 1 т.4 од ЗКП, постои ако во истиот кривичен совет судијата учествувал како судија на претходна постапка или учествувал во испитување на обвинението пред главната расправа, во кој случај судијата не смее да врши судиска должност. Во конкретниот случај предметот учествувал само како претседател на Советот за оцена на обвинителниот акт, а не и како судија на претходна постапка. Наведува дека неспорно е дека учествувал како член на КС на Основниот суд Скопје 1 Скопје во донесување на решението КС.154/17 од 27.07.2017 година кое што е донесено врз основа на член 171 ст. 1 и 2 в.в. со чл. 165 ст. 1 т.1,2 и 3 од ЗКП, со кое што бил уважен предлогот на ОЈО Скопје за продолжување на мерката притвор против тогаш осомничениот- подносител на претставката.Ова решение е само процесна одлука која се однесува на мерката притвор , со него не се навлегува во мериторното одлучување по однос на сомнението , ниту се ценат доказите по однос на вината , туку само околностите кои го оправдуваат прдолжувањето на мерката притвор.Неспорен е фактот дека не учествувал како судија на претходна постапка во предметот КПП бр. 366/17 поради што немало пречка да одлучува како член на КС по однос на предлог за продолжување на мерка притвор. Понатамошното учество како претседател на совет за оцена на обвинителниот акт исто така е законски и правилно, со оглед дека претходно не постапувал како судија на претходна постапка.По оцена на обвинителниот акт предметот е распределен кај судечки совет, во кој секако дека не можел да учествува.Третиот судија наведен во претставката , во своето известување истакнува дека наводите во претставката за тоа дека не можел да постапува како Претседател на

Кривичниот совет на Основниот кривичен суд Скопје и како член на Советот за оцена на обвинителниот акт се во целост неосновани. Причина за изземање од апсолутен карактер согласно член 33 ст. 1 т.4 од ЗКП, постои ако во истиот кривичен совет судијата учествувал како судија на претходна постапка или учествувал во испитување на обвинението пред главната расправа, во кој случај судијата не смее да врши судиска должност. Во конкретниот случај предметот учествувал само како претседател на Советот за оцена на обвинителниот акт, а не и како судија на претходна постапка. Наведува дека неспорно е дека учествувал како член на КС на Основниот суд Скопје 1 Скопје во донесување на решението КС.154/17 од 27.07.2017 година кое што е донесено врз основа на член 171 ст. 1 и 2 в.в. со чл. 165 ст. 1 т.1,2 и 3 од ЗКП, со кое што бил уважен предлогот на ОЈО Скопје за продолжување на мерката притвор против тогаш осомничениот- подносител на претставката.Ова решение е само процесна одлука која се однесува на мерката притвор , со него не се навлегува во мериторното одлучување по однос на сомнението , ниту се ценат доказите по однос на вината , туку само околностите кои го оправдуваат прдолжувањето на мерката притвор.Неспорен е фактот дека не учествувал како судија на претходна постапка во предметот КПП бр. 366/17 поради што немало пречка да одлучува како член на КС по однос на предлог за продолжување на мерка притвор.Понатамошното учество во Советот за оцена на обвинителниот акт по предметот КООА.бр. 104/17 исто така е законски и правилно , со оглед дка претходно не учествувал како судија на претходна постапка. По оцена на обвинителниот акт предметот е распределен кај судечки совет, во кој секако дека не можел да учествува.Ваквата пракса е воспоставена и апсолвирана во Основниот кривичен суд скопје и со истата не се повредуваат правата на обвинетиот , ниту се изразува став по однос на неговата евентуална кривична одговорност. Во врска со наведеното Советот смета дека претставката е неоснована и нема повреда на одредбите на ЗКП по однос на изземањата на судиите , меѓутоа со цел да не се доведува во прашање било каков сомнеж на странките во постапката по предметите , претставката ќе биде проследена до координаторот за Основен кривичен суд Скопје на запознавање и натамошно постапување во смисла на праксата и можноста самите судии да бараат изземање посебно кога се учествуваат како член на КС совет , како суија во постапка за оценка на обвинителен акт и судечки судија или во совет по предметот .

Претставка **08-111-23** подносителот има поднесено претставка УПП.бр. 340/22 од 27.09.2022 година и дополнувања од 12.10.2022 година и 14.10.2022 година, која била разгледана на седница на Советот одржана на ден 26.10.2022 година и за истата е констатирано дека е неоснована за што подносителот е известен на ден 28.10.2022 година и претставката е архивирана. Во конкретниот случај незадоволството на подносителот се однесувало на предмет на Апелационен суд Скопје ТСЖ.бр. 928/22 од 30.06.2022 година , со кој првостепеното решение ВПП.бр. 26/22 од 27.05.2022 година било потврдено. Подносителот исто така поднел претставка УПП.бр.08-412/22 од 21.11.2022 година , која била разгледана на седница на Советот одржана на ден 20.12.2022 година и било одлучено да се затвори со службена белешкаод 30.12.2022 годин, согласно чл. 11 од Законот за постапување по претставки и предлози, од причина што претставка со иста содржина била разгледана на седница на Советот одржана на ден 26.10.2022 година –УПП.бр. 340/22 од 28.10.2022 година.Подносителот исто така поднел претставка УПП.бр.08-26/23 од 23.01.2023 година , која била разгледана на

седница на Советот одржана на ден 20.02.2023 година и по истата доставено му било известување УПП.бр. 26/23 од 24.02.2023 година .Во врска со претставката УПП.бр. 08-111/23 од 13.03.2023 година и УПП.бр. 08-111/2 од 19.06.2023 година , Советот утврди дека нема ингеренции да интервенира во судските одлуки ниту пак да ги менува истите, па во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување. Ова од причини што во сите претходни претставки Судскиот совет не нашол одговорност кај судиите кои постапувале по предметите, со оглед дека се работи за истите предмети за кои и претходно се поднесувани претставките од страна на подносителот.

Претставка **08-134-23** предметот КПП-191/22 бил даден на увид во ОЈО Куманово на ден 27.06.2022 година.Судот со писмо побарал од ОЈО Куманово враќање на предметот КПП 191/22 од увид , по што ОЈО Куманово со поднесок КО бр. 403/19 од 07.04.2023 година известил дека судскиот предмет КПП-191/22 бил даден од нивна страна и се наоѓал во списите на предметот К.бр. 79/22 на ОС Крива Паланка и кој предмет по жалба бил пратен во Апелациониот суд Скопје.По доставување на увид на предметот КО бр. 403/19 се констатира дека на 04.10.2022 година адвокатот како полномошник на оштетениот доставил писмено барање до ОЈО Куманово, со кое бара да им бидат доставени сите пресуди кои биле донесени против 3 лица, по што ОЈО Куманово и доставил копија од пресудата на судот КПП-191/22 од 28.04.2022 година. Кон поднесената предлог-спогодба на ОЈО Куманово КО 403/19 од 14.04.2022 година не била приложена писмена изјава од оштетениот по однос на видот и висината на имотно – правното побарување, така што истото не било предмет на спогодувањето пред ЈО и судот немал податоци за имотно – правното побарување, како и за адресата на оштетениот заради достава на пресудата. По добиеното усно известување од ОЈО Куманово по однос на адресата на оштетениот, судот извршил достава на пресудата до оштетениот. Оштетениот може да го остварува своето имотно правно побарување согласно Законот за облигациони односи.По однос на наводите за месна надлежност, судот направил превид, но по закажување на рочиштето по поднесениот предлог-спогодба судот согласно член 30 ст. 2 од ЗКП веќе немал можност да се огласи за месно ненадлежен по службена должност во смисла на член 473 од ЗКП, со оглед да предметот бил веќе закажан.Во конкретниот случај Советот смета дека судот направил превид со тоа што постапувал како месно надлежен суд а воедно оштетениот воопшто не бил вклучен во постапката при склучување на предлог –спогодбата врз основа на која е донесена пресудата , а се работи за кривично дело Тешка телесна повреда по член 131 ст. 1 од Кривичниот законик., за кое се предлага на обвинетиот да му се изрече казна затвор во траеање од 8 месеци.Со оглед на наведеното, Советот констатира дека е основана Вашата претставка за постапување на судијата по конкретниот предмет и истата ќе биде проследена до координаторот на Основниот суд Куманово на запознавање и натамошно постапување.

По повод претставката УПП бр. 08-134/23 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека претставката е поднесена од адвокатот и оштетеното лице во тој кривично правен настан. Укажа дека се работи за претходна постапка каде што има предлог спогодба.

Настанот се случил на подрачје на Кр. Паланка и месно надлежен суд е судот во Кр. Паланка, но судот Куманово е стварно надлежен суд да постапува. Упати прашање до известителот дали некој приговарал на таа надлежност?

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека се работи за кривично дело за кое е запретена казна затвор до 5 години, што значи дека нема пречки да постапува Основниот суд Кр. Паланка. Укажа дека Основниот суд Кумано е стварно надлежен како суд со проширена надлежност и затоа е продолжена постапката од страна на судијата, и сторени се повреди во тој дел, меѓутоа посимтоматично е зошто во ниедна фаза пред Јавното обвинителство и во доставената предлог спогодба во која треба да е содржана и изјавата на оштетениот за оштетното, односно имотно правното побарување кое може да биде предлог на спогодување, видно од самата предлог спогодба и од другите списи никаде не стои дека оштетениот бил известен од страна на Јавното обвинителство, бил да даде изјава и дека понатаму е вклучен до последно во носењето на пресудата.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека се работи за одлука донесена во претходна постапка. Укажа дека ако постои пропуст, пропустот е кај Јавното обвинителство. Посочи дека судијата дури и го прифаќа пропустот сторен од страна на Јавното обвинителство и дополнително ги презема сите дејствија за да учесниците во постапката бидат известени и доколку има потреба од заштита на одредени права како последица од кривично правниот настан да ги запазат роковите и да преземат соодветни дејствија. Нагласи дека намера апсолтно не постои и не гледа дека еден судија во претходна постапка којшто добива оформен предмет од страна на Јавно обвинителство, а се знае дека судот постапува во границите на барањето-предлогот не се гледа дека тука има сериозен пропуст или намера, а од друга страна не постои со дејствијата од страна на судијата и со предлог спогодбата дека некој е оштетен.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека предлог спогодбата ја спрема Јавниот обвинител, но има обврски и од страна на судијата што мора да ги почитува за да ја прифати или не ја прифати. Укажа дека во конкретниот случај станува збор за тешка телесна повреда како кривично дело каде битен елемент е дека некој се здобил со тешка телесна повреда од некој настан. Дали станува збор за пропуст, дали во меѓувреме е надоместена штетата, можеби треба да се преиспита, но остава на известителот да оцени.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека во делот на одговорноста на адреса на Јавното обвинителство се работи за превид во делот на месната надлежност и прифаќање на надлежност за што и самиот судија зборува во својата изјава, меѓутоа направен е и превид и во друг дел. Укажа дека никаде во содржината на спогодбата не се гледа дека оштетениот воопшто бил контактиран и дека со било што бил известен и дал изјава во делот на оштетното барање. Врз кои параметри предметниот судија на претходна постапка проценил дека и ублажената казна од 8 месеци е соодветна во отсуство да се контактира оштетениот? Посочи дека можеби не е формална пречка да се прифати предлог спогодбата, меѓутоа се работи кривично дело тешка телесна повреда и не може да се заобиколи оштетениот. Нагласи дека од

тие причини претставката е основана и треба координаторот да го има предметот на увид. Истакна дека не вели дека има намера, дека има одговорност, но не може да се каже дека претставката е неоснована и пропустот на Јавното обвинителство не го амнестира судијата.

Откако повеќе никој не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека расправата е затворена и известителот продолжи со реферирање на преостанатите претставки.

Претставка **08-146-23** - судијата што постапувал по предметот е во пензија од 28.04.2022 година и претставката во оваа смисла е беспредметна, меѓутоа по однос на наводите во претставката откако по укинувањето на предметот е донесена пресуда У-2 бр.238/2021 од 16.03.2022 година , против истата е вложена жалба по што предметот на ден 12.09.2022 година доставен бил до Вишиот управен суд .На ден 16.10.2022 година пресудата на Управниот суд У-2 бр.238/2021 од 16.03.2022 година станала правосилна.На ден 25.10.2022 година од Виш управен суд бил доставен предметот У-2 бр. 238/2021 во Управен суд и истиот бил архивиран на ден 01.12.2022 година. Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

Претставка **08-158-23** по предметот 51ПЛ1ТС -511/18 судот донел решение 51ПЛ 1ТС -511/18 , а на 24.04.2018 година решение за исправка.Апелациониот суд Скопје на 12.10.2018 година донел решение ТСЖ.бр. 1375/18 со кое решението на првостепениот суд се укинува и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно одлучување. При повторното постапување, предметот бил презаведен со нов број 51 ПЛ-ТС-1798/18, по што Основниот граѓански суд Скопје повторно донел решение51 ПЛ1-ТС-1798/18 кое е потврдено од страна на Апелациониот суд Скопје со решение ТСЖ.бр 230/19.Подносителот на претставката поднел предлог за повторување на постапката , по кој предлог судот донел решение со кое предлогот за повторување на постапката бил одбиен како неоснована првостепеното решение било потврдено со решение на Апелациониот суд Скопје ТСЖ-949/22.Предметот 51 ПЛ-ТС-1798/18 врска 51 ПЛ-ТС-511/18 е завршен и архивиранСо оглед на наведеното , од причини што согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, според кои одредби Судскиот совет нема надлежност да преиспитува, менува или укинува судски одлуки.
Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

Претставка **08-161-23**-подносителот како лице со право на првенствено купување при продажба на земјоделско земјиште е јавил на објавена понуда во Сл. весник бр. 44/21 од 23.02.2021 година и во оставениот рок ја депонирал купопродажната цена кај Основен суд Битола, а бидејќи понудувачот одбил да склучи договор за купопродажба, поднел тужба, имајќи ја во предвид одредбата од член 23 ст. 1 од ЗОО.Во постапката со пресуда тужбеното барање било одбиено како неосновано, па предвид на наведеното ,

бара од Советот да преземе соодветни активности. Врз основа на спроведените извиди извршени од страна на Советот, произлегува дека по предметот П1 20/21 на Основниот суд Битола донесената пресуда П1-20/21 од 13.07.2021 година е потврдена со одлука на Апелациониот суд Битола ГЖ-1521/21 од 22.12.2021 година.Со оглед на наведеното , од причини што согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон,како што всушност во конкретниот случај е постапено, а Судскиот совет нема надлежност да преиспитува, менува или укинува судскиодлуки. Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

Претставка **08-165-23** по предметот ТС бр. 9/20 Основниот суд Штип донел пресуда на 11.04.2023 година, а правната основаност на пресудата судот ја утврдил од приложените докази од кои неспорно судот утврдил дека тужениот без правен основ ги обработувал земјоделските површини во државна сопственост. Наводот во претставката за тоа дека било одбиено барањето за тонско снимање е неоснован во целост, имено двете одржани расправи тонски се снимани.Наводот за тоа дека судијата не му дозволил на подносителот да поставува прашање е неоснован, на тужениот не му е оневозможено да се произнесе по однос на евентуалната неоснованост на тужбеното барање. Против донесената пресуда изјавена е жалба и во моментот предметот со сите списи е во Апелациониот суд Штип за одлучување по жалба. Во конкретниот случај наводите во претставката, со оглед дека е изјавена жалба на 12.05.2023 година, ќе бидат предмет на разгледување, анализа, оценување и одлучување од страна на второстепениот суд, кој суд е надлежен да ја испитува законитоста на судската одлука и да ја цени основаноста на жалбените наводи, па врз основа на констатациите да ја потврди, измени или укине првостепената одлука, се со цел за пресудување во согласност со законот. Изнесеното, имајќи предвид да во смисла на член 13 точка 3 од Законот за судовите (Сл. весник на Република Македонија бр.58 од 11 мај 2006 година), - “Судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон“. Со оглед на наведеното , во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

Претставка **08-174-23** - Од наводите во претставката ценети во корелација со доказите видно е дека станува збор за незадоволство на странкта од одлуката по предметот ППНИ бр. 7/23. Со оглед на наведеното согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапкапропишанасозакон. Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

Претставка **08-187-23** се работи за предмет донесен во Основниот суд Кавадарци 2002 година.Во конкретниот случај, поминати се сите законски рокови за поведување постапка , согласно член 61 од Законот за Судскиот совет на РСМ, па со оглед на

наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

Претставка **08-192-23** произлегува дека наводите во претставката се неосновани .На 21.12.2022 година предметот Рев1 бр. 192/22 бил изнесен на судење, при што истиот бил одложен и со резолуција на претседателот на советот биле задолжени сите членови на судечкиот совет да го прочитаат предметот. На ден 25.01.2023 година предметот бил повторно изнесен на судење судијата известител го информирал советот дека со решение на Врховниот суд на РСМ Рев1.бр. 59/2016 од 13.07.2017 дадени биле напатствија на пониските судови и според судијата известител пониските судови не постапиле по напатствијата на ВСРСМ во однос на дејствијата што ги преземал тужениот со што му е сторена штета на тужителот.Претседателот на советот и сите членови на советот кои постапувале согласно член 11 од Законот за судовите одлучиле непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и ја донеле одлуката по предметот. Исто така претседателот на советот и сите судии членови на советот постапувале совесно, професионално, одговорно и во согласност со Уставот на РСМ, законите и ратификуваните меѓународни договори. На крај се нагласува дека постапувањето на судиите по предметот не е во спротивност со принципите за фер и непристрасно судење предвидени во член 6 од Европската Конвенција за човекови права. Со оглед на наведеното,согласно член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, а согласно член 13.ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, според кои одредби Судскиот совет нема надлежност да преиспитува,менува или укинува судскиодлуки.
Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По повод преставките УПП.бр.08-462/22 и 134/23 гласањето се издвои и се констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ донесена е следната:

О Д Л У К А

Се усвојуваат предлозите на известителот. Претставките УПП.бр.08-462/22 и 134/23 се основани.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека се задолжуваат координаторите на предметните судови со претставките УПП.бр.08-462/22 и 134/23 со цел да спроведат понатамошни извиди и информираат за истите.

Во продложение се спроведе гласање за останатите предлози на известителот. По гласањето се констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ донесена е следната:

О Д Л У К А

Се усвојуваат предлозите на известителот. Претставките УПП.бр.462/22, 97/23, 111/23, 134/23 146/23, 158/23, 161/23, 165/23, 174/23, 187/23 и 192/23 се неосновани.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев даде ПАУЗА во траење од 15 минути.*

*Седницата продолжи во 13:25 минути.*

**3.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **ИВИЦА НИКОЛОВСКИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пред да ги изложи пријавените претставки истакна дека со оглед дека е направен превид од страна Основниот суд Струга на начин што претставката УПП бр. 08-167/23 е доставена на судија кој не постапувал по посочениот предмет и судијата свесен за истото дава наводи по друг предмет. Укажа дека тука се поставува прашањето од која причина е дадена изјава. Имајќи предвид дека Основниот суд Струга е суд со мал број на судии кои се распоредени да постапуваат по предмети од различна област, Советот го ценеше превидот и повторно се обрати за да добие поконкретна изјава во врска со наводите во претставката, меѓутоа до моментот не е добиена изјава, а се очекувало дека до денот на одржување на седницата ќе се добие изјава и ќе може да се одлучува по претставката. Посочи дека од тие причини претставката **УПП.бр.08-167/23** се повлекува.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП бр.08-70/23** поради незадоволство од работата на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет РО-3349/22 поради долго траење на постапката, а се работи работен спор со итен карактер.Од прибавена изјава од судијата кој постапува предметот произлегува дека предметот оформен е по тужба за надомест на штета поради незаконит престанок на работен однос. Постапувајќи по тужбата судот го усвоил тужбеното барање на тужителката со пресуда од 22.10.2021година. На ден 29.11.2021година по поднесена жалба предметот е проследен до Апелациониот суд Скопје кој одлучил со укинувачко решение со напатствија да се изведе дополнение на финансовото вештачење.Предметот е проследен до судот на 11.07.2022година.По прием предметот е насрочен на ден 06.02.2023година на кое рочиште е определено да се изведе дополнение на вештачење по однос на изнесените забелешки, а предметот е пренасочен за ден 26.09.2023година. Во однос на наводите за долгото траење на постапката се утврди дека претходно по предметот постапувал друг судија кој го одлагал заради труднично и породилно отсуство, а сега судечкиот судија во одделението во кое

постапува брои 1.013 предмети па поради преобемност на работа, предметите добивале еднаков третман и расправите се закажуваат на подолг временски период .Судскиот совет на Република Северна Македонија и покрај констатацијата дека одоловлекувањето се должи на објективни причини, најде дека претставката е основана. Претставката ќе биде проследена на членот на Советот-кородинатор за следење на работата на Основен граѓански суд Скопје на запознавање и натамошно постапување.

Претставка **УПП бр.08-177/23** за постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот П1-288/18 која е препратена на надлежно постапување од страна на Државната комисија за спречување на корупција . Судскиот совет на седницата одржана на ден 29.06.2023година утврди дека се работи за преставка заведена во Советот УПП бр. 08-132/1 од 22.03.2022 година со иста содржина , иста подносител и за истиот судија по која претставка Советот постапувал на седницата одржана на ден 16.12.2022 година и констатирал дека наводите во претставката се основани , па истата е проследена до членот на Советот-координатор за следење на работата на Основен граѓански суд Скопје .Предвид наведеното претставката се архива.

Претставка **УПП бр.08-179/23** поради незадоволство од донесена одлука на Апелационен суд Скопје по предмет ГЖ-1331/22 .Од прибавена изјава од судиите на советот кои постапувале и одлучувале по предметот ГЖ-1331/22 произлегува дека Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ-1331/22 од 20.07.2021 година ја потврдил првостепената пресуда на Основен граѓански суд Скопје МАЛВП-1455/19 од 20.07.2021година со која регресното тужбеното барање делумно е усвоено. Судскиот совет на Република Северна Македонија констатира дека наводите во претставката како жалбени наводи биле предмет на оцена на Апелациониот суд Скопје, кој како непосредно повисок суд единствено е надлежен да ја оценува законитоста на донесената пресуда. Апелациониот суд Скопје ги образложил причините за начинот на одлучување по сите суштествени жалбени наводи од влијание при одлучувањето и неспорно утврдил дека првостепениот суд донел правилна одлука.Предвид да судот својата одлука ја заснова на изнесените факти и предложените докази од странките, Советот најде дека нема елементи за нестручно постапување.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека интернет врската со членот на Советот Павлина Црвенковска е прекината.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Се усвојуваат предлозите на известителот. Претставката УПП.бр.70/23 е основана. Претставките УПП.бр.177/23 и 179/23 се неосновани.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека се задолжува координаторот на предметниот суд со претставката УПП.бр.08-70/23 со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.

*Се констатира дека претседателот на Советот Сашко Георгиев ја напушти седницата од оправдани причини. Со седницата продолжи да раководи заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели.*

**4.** Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели му даде збор на членот на Советот **МИЉАЗИМ МУСТАФА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП бр.08-66/23** насловена како пријава од подносител Јорданчо Спирески до Транспаренси Интернешнл Македонија која преку Министерство за правда е препратена на надлежно постапување до Судскиот совет, подносителот изразува незадоволство поради одолговлекување на постапка пред Управниот суд по предметот У-2 бр.85/20 , отпочната во 2013 година.Од прибавена изјава од судијата на Управниот суд- известител кој постапува по предметот произлегува дека со последна донесена одлука на Управниот суд У2 бр. 85/20 од 12.03.2020година се уважува тужбата на тужителите поднесена на ден 29.02.2020 година против решение на Министерот за финансии-Комисија за одлучување по барањата за денационализација за општините Гостивар, Тетово Кичево и Дебар со седиште во општина Гостивар . Пресудата е експедирана до странките на 09.04.2020година, предметот станал правосилен и истиот е архивиран на 25.10.2022 година, а Управниот суд предметот го вратил на повторно одлучување пред првостепениот орган.Во врска со наводите за одолговлекување и долго траењето на постапката се констатира дека против решение на Министеротза финансии-Комисија за одлучување по барањата за денационализација за општините Гостивар, Тетово Кичево и Дебар со седиште во општина Гостивар УП бр.39-956 од 01.08.2011година од страна на тужителот на ден 07.10.2013година е поднесена тужба до Управниот суд каде е оформен предметот У-2 бр.954/20 по кој судот донел решение на ден 01.11.2013година со кое се уважува тужбата на тужителите и предметот е вратен на првостепената Комисија.По решение ДН бр.17-169/4 од 12.11.2015година на Министерот за финансии-Комисија за одлучување по барањата за денационализација за општините Гостивар, Тетово Кичево и Дебар со седиште во општина Гостивар повторно е поднесена тужба до Управниот суд по која донел пресуда У-2 бр 989/15 од 24.11.2016година со која се уважува тужбата и предметот севраќа на првостепената комисија. Незадоволен од решение на Министерот за финансии-Комисија за одлучување по барањата за денационализација за општините Гостивар, Тетово Кичево и Дебар со седиште во општина Гостивар ДН бр.17/169-5 од 26.07.2017 година поднесена е тужба пред Управниот суд по која со пресуда У-2 бр.726/17 на ден 06.12.2018 година со која се уважува тужбата и се определува надомест з а одземен имот во вид на обврзници. Незадоволни од одлуката тужителите изјавиле жалба пред Вишиот управен суд кој со решение УЖ- бр.832/19 од 07.02.2020 година ја уважува жалбата и предметот се враќа на Управниот суд .Управниот суд во повторена постапка со пресуда У2 бр. 85/20 од

12.03.2020 година ја уважува тужбата на тужителите поднесена на ден 29.02.2020 година, го поништува решението ДН бр.17/169-5 од 26.07.2017 година и предметот се враќа на првостепената комисија.Советот констатира дека наводите во претставката за долго траење на  постапката по конкретниот предмет се основани.Претставката ќе биде проследена до членот на Советот- координатор за следење на работата на Управниот суд Скопје на запознавање и натамошно постапување

Претставка **УПП бр.08-176/23** поради  незадоволство од постапување на судија на Апелациониот суд Гостивар по предмет КЖ-319/22.Од прибавенаизјава од судијата известител по предметот а воедно и претседател на советот, произлегува дека предметот  пред Апелациониот суд Гостивар е оформен по жалба од ОЈО Тетово и жалба на бранителот на обвинетиот против пресуда на Основен суд Тетово К бр.224/22 од 19.04.2022година. Предметот на Основен суд Тетово во Апелациониот суд Гостивар примен е на ден 01.06.2022година . По приемот на ден 03.06.2022година до Вишото јавно обвинителствово Гостивар  согласно член 421 став 1 од ЗКП поднесено е барање за доставуавње на предлог по повод изјавените жалби.  На ден 09.06.2022 година доставен е писмен предлог од Вишото јавно обвинителство со ознака КОЖ-369/22 од 10.06.2022година. Во врска со наводите за одолговлекување и долго траењето на постапката  се констатира дека претходно Апелациониот суд Гостивар  има донесено решение КЖ-252/21 на 12.10.2022 година со кое по жалба од ОЈО Тетово и жалба на бранителот на обвинетиот против пресуда на Основен суд Тетово К бр.134/20 од 05.04.2021година пресудата на Основен суд Тетово е укината и предметот е вратен на повторно судење.При повторно постапување превземени се сите дејствија со барање на предлог од Вишото јавно обвинителство во Гостивар и доставување на предлог од Вишото јавно обвинителство КОЖ- 369/22 од 10.06.2022година на обвинетиот и неговиот бранител.По изјавена жалба од 01.06.2022година во Апелациониот суд Гостивар оформен е предмет КЖ-319/22 по кој не е донесена одлука . Имено како судијата наведува со цел на законот за запазување на роковите за донесување на судски одлуки, поради бројот на предметите по кој  постапува од објективни причини,  во наведениот предмет се уште не е донесена одлука и од причина што приоритет се дава на предметите  кои се пред застарување на кривично гонење, предмети во кои е определена мерка притвор и предмети кои согласно  закон се од итен карактер.Советот констатира дека е основана претставкаta за постапување по конкретниот предмет.Претставката ќе биде проследена до членот на Советот-координатор за следење на работата на Апелациониот суд Гостивар на запознавање и натамошно постапување.

Претставка **УПП бр.08-202/23**  поради незадоволство од постапување на  судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет П4-911/22. Од прибавена изјава од судечкиот судија произлегува дека по предметот постапувал друг судија на овој суд кој донел пресуда во корист на подносителите на претставката, за потоа да се даде предметот на судечкиот судија , па наводите дека постапувале различни судии се вистинити,  меѓутоа причина за промената на судијата е прашање на организација на работата во судот,  и не зависи од волјата на судијата.Причините за донесена пресуда П4-157/19 од 29.03.2021година од судијата кој претходно постапувал се образложени во самата пресуда против која била изјавена жалба.  Апелациониот суд Скопје со решение

ГЖ-4278/21 од 17.11.2022 година изјавената жалба ја уважува, а пресудата на Основен граѓански суд Скопје П4-157/19 од 29.03.2021 година се укинува и предметот се враќа на повторно одлучување.При повторно постапување предметот во Основен граѓански суд Скопје добил нов број П4- 911/22 и настанала промена на судечкиот судија кој ценејќи ги изведените докази во смисла на одредбите на ЗПП а особено ценејќи ги насоките од Апелациониот суд Скопје дадени во решението ГЖ-4278/21 со кое била укината првостепената пресуда, по заклучување на главната расправа донел пресуда од 27.02.2023 година во која се образложени причините за таквата пресуда.Во однос на наводите во претставаката кои се однесуваат на оценка на доказите во текот на постапката како и причините за донесената пресуда Советот најде дека се жалбени наводи и по истите ќе се произнесе Апелациониот суд Скопје во одлуката по истакната жалба од подносителите на претставката поднесена преку Основниот граѓански Скопје на ден 17.05.2023година.

Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 7 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Се усвојуваат предлозите на известителот. Претставките УПП.бр.66/23 и 176/23 се основани. Претставката УПП.бр.202/23 е неоснована.

Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели констатира дека се задолжуваат координаторите на предметните судови со претставките УПП.бр.08-66/23 и 176/23 со цел да спроведат понатамошни извиди и информираат за истите.

*Се констатира дека претседателот на Советот Сашко Георгиев повторно е присутен на седницата и продолжува да раководи со истата.*

**5.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **СЕЛИМ АДЕМИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП.бр.180/23** од 28.04.2023 година во врска со незадоволство од нестручно, несовесно и спротивно на закон постапување на судија на Основен суд Кавадарци, кој сега ја извршува судиската функција во Основен суд Велес – каде е избрана за судија, а во врска со предметот МАЛВП.бр.100/21. По направени извиди во наводите по претставката Советот најде дека се што е наведено се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Имено, согласно добиена изјава од судијата против кого е поднесена претставката предметот МАЛБП 100/21 на Основен суд Кавадарци е завршен со првостепена пресуда од 23.11.2022 година и против истата е изјавена жалба

и предметот се наоѓа на одлучување пред надлежен второстепен суд, во конкретниот случај Апелационен суд Скопје. Воедно наводите на подносителот се во насока на наздоволство од мериторната одлука со која е одлучено по тужбеното барање.Во насока на гореизнесеното, Советот го известува подносителот дека согласно чл.13 ст.3 од Законот за судови каде е предвидено дека судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. Согласно членот 11 од истиот закон судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Во таа смисла, а како Советот не е надлежен да менува судски одлуки и да ги цени жалбените наводи , подносителот треба да го сочека изходот од второстепената постапка.

Претставка **УПП.бр.195/23** од 12.05.2023 година во која подносителот наведува дека е наследник на неговиот татко и изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Струмица по предметот П1-45/21 . Бара Советот да интервенира да се смени судијата, наведува дека поднесена е жалба до Апелационен суд Штип.Против првостепената пресуда била дозволена жалба до непосредно повисокиот суд во рок од 15 дена, но видно од доставената изјава од ВД претседателот на Апелационен суд Штип, а видно од АКМИС системот се констатира дека предмет каде странка е Ќамил Мустафов нема пристигнато по жалба од Основен суд Струмица во Апелационен суд Штип.Имено првостепениот суд по разгледување и оценување на сите факти и докази по предметот ценел дека поставеното тужбено барање на тужителката е во целост неосновано, а посебно бидејќи истата не ја докажала својата активна легитимација односно своето законско право на покренување на предметниот спор.Видно гореизнесеното, согласно чл.13 ст.3 од Законот за судови каде е предвидено дека судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. Согласно членот 11 од истиот закон судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека интернет врската со членот на Советот Павлина Црвенковска повторно е воспоставена.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Се усвојуваат предлозите на известителот. Претставките УПП.бр.180/23, 195/23 се неосновани.

**6.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **ТАЊА ЧАЧАРОВА ИЛИЕВСКА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП бр. 08-211/23** од 01.06.2023 година. Подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот П-690/17. Укажува дека незаконски и е одземена сопственоста врз стан од страна на Штедилницата Дикуко ДОО во кој стан живее 25 години и за кој плаќа данок на имот до ден денес. Посочува дека со одлука на Основниот суд Скопје 2 Скопје од 07.05.2013 година Штедилницата Дикуко ДОО во ликвидација се брише од судскиот трговски регистар при регистарскиот суд како и од трговскиот регистар при Централениот регистар. Наведува дека по таа одлука согласно Законот за трговски друштва, правното лице не може да води нова постапка пред судовите. Бара Советот да ги провери изнесените незаконски дејствија и неправичната пресуда и да и се врати сопственоста.

По извршените проверки во Архивата на Судскиот совет се констатира дека подносителот во повеќе наврати доставува претставки со исти наводи до Советот.

Имено, по претставка УПП-08-388/21 од 14.10.2021 година е расправано на седница на Судскиот совет одржана на ден 29.11.2021 година и по расправата е констатирано дека предметот на Основен граѓански суд Скопје П-690/17 е во жалбена постапка пред Апелациониот суд Скопје кој како надлежен суд ќе ги цени сите дејствија на првостепениот суд. Укажано е на подносителот да го сочека исходот на жалбената постапка пред повисокиот суд кој ќе се произнесе по наводите во претставката кои се наведени како жалбени наводи.

Во претставката заведена под УПП-08-15/22 од 13.01.2022 година подносителот изразува незадоволство од добиено известување на Судскиот совет како одговор на претходно поднесена претставка УПП-08-388/21. На седницата на Судскиот совет одржана на ден 26.10.2022 година по расправата е констатирано дека по изјавената жалба на првостепената одлука, Апелациониот суд Скопје донел пресуда ГЖ-4597/21 од 12.01.2022 година со која жалбата на подносителот на претставката се одбива како неоснована, а пресудата на Основен граѓански суд Скопје П-690/17 од 29.09.2020 година се потврдува. Укажано е на подносителот дека во претставката не се изнесени нови факти и околности кои не биле предмет на претходно разгледување, а наводите како жалбени наводи биле предмет на оцена од страна на надлежен повисок суд.

Во претставката УПП-08-424/22 од 05.12.2022 година на седницата на Судскиот совет одржана на ден 20.12.2022 година по расправата е констатирано дека од причина што во претставка не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, во смисла на чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози постапувањето од страна на Судскиот совет нема да се повтори.

Согласно чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози кога претставката, односно предлогот се однесува на прашање по кое веќе е постапувано или е водена друга постапка од надлежен орган, постапувањето по новоподнесената претставка, односно предлог ќе се повтори само доколку во претставката, односно предлогот се инзнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, односно водење на постапката.

Со оглед дека во конкретниот случај подносителот останува на истите наводи за кои Судскиот совет има расправано се констатира дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Се усвојува предлогот на известителот. Претставката УПП.бр.08-211/23 е неоснована.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

(Разно)

● По повод 4-та точка од дневниот ред претседателот на Советот **Сашко Георгиев** информираше дека од страна на претседателот на Основен суд Гевгелија доставен е предлог за престанок на функцијата судија поротник во Основниот суд Гевгелија, број СУ-96/23 од 12.06.2023 година, во Советот евидентиран под број 02-1305/1 од 22.06.2022 година, бидејќи Бети Дебникова судија поротник на Основен суд Гевгелија починала на ден 07.06.2023 година и во прилог доставил Извод од матична книга на умрени.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека донесена е следната:

О Д Л У К А

На Бети Дебникова судија поротник на Основен суд Гевгелија избрана со Одлука на Судскиот совет на РСМ број 02-1206/3 од 27.08.2020 година, и престанува функцијата судија поротник.

● По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Селим Адеми во својство на координатор на Основен суд Берово.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека со решение на Судскиот совет на 06.07.2022 година е донесена одлука за времено упатување на Дарко Ристов, судија на Основен суд Кочани за вршење на судиската функција во Основен суд Берово, сметано од 01.07.2022 година, за период од една година. Од причини што на

30.06.2023 година истекува времето за кое е упатен судијата, неопходно е Судскиот совет да делегира судија од причини што во судот има само еден делегиран судија, по систематизација се тројца судии, а активни судии во судот нема ниту еден. Посочи дека во периодот додека го следи судот задоволен е од работата на Дарко Ристов, и како судијата и како ВД претседател. Укажа дека судијата е согласен да биде делегиран.

Предложи Дарко Ристов, судија на Основен суд Кочани да биде времено упатен за уште една година во Основниот суд Берово, а бидејќи е единствен судија во судот, предложи да се определи и за ВД претседател на Основниот суд Берово до изборот на нов претседател.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** упати благодарност до судијата Дарко Ристов што е согласен да продолжи да биде упатен за уште една година, бидејќи во дадената ситуација е крајно нужен.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот Дарко Ристов, судија на Основен суд Кочани, времено да се упати за вршење на судиската функција во Основниот суд Берово го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

ДАРКО РИСТОВ, судија на Основен суд Кочани, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Берово, сметано од 01.07.2023 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

За упатувањето да се извести претседателот на Основен суд Кочани и Основниот суд Берово.

Во продолжение претседателот на Советот Сашко Георгиев предлогот за ВД претседател на Основен суд Берово да се определи Дарко Ристов, судија на Основен суд Кочани го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА претседател на Основен суд Берово се определува Дарко Ристов, судија на Основен суд Кочани и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.

Решението влегува во сила од 01.07.2023 година.

● По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот **Сашко Георгиев** информираше дека од страна на членот на Советот Весна Дамева доставено е известување дека е член на Комисија за рангирање на кандидати за избор на судии, а се

работи за оценување на судии во предмети во којшто нејзиниот сопруг е оштетен како странка.

[redacted]

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека има известување согласно Законот од страна на членот на Комисијата за рангирање на кандидат за повисок суд дека за одредени кандидати кои се за повисок суд, поточно за Апелационен суд Скопје во некои предмети нејзиниот сопруг се јавува како странка во постапките. Укажа дека за подетални информации е доставено барање и до Кривичниот и Граѓанскиот суд Скопје да известат за кои судии станува збор, од каде што е посочено дека станува збор за судиите Александра Ристеска, Џенета Бектовиќ, Илија Трпков и Благица Ѓошевска, судии за кои моментално се води постапка и каде како странка е нејзиниот сопруг. Напомена дека од тие причини за посочените четири судии при постапување во Комисијата треба да се изземе колешката Весна Дамева.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека добро е што има известување од колешката Весна Дамева, добро е што се прибавени докази за постапки кои се водат, бидејќи станува збор за правен субјект кој го застапува нејзиниот сопруг. Укажа дека за да се исклучи секаков сомнеж за влијание при при изготвувањето на ранг листата за кандидати за избор во повисок суд Советот треба да ја изземе во одлучувањето при оценувањето на конкретните судии пред кои се водат постапки каде што се јавува како странка правното лице што го управува сопругот на колешката.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека реакцијата на колешката и известувањето е малку задоцнето. Укажа дека по една година работа Комисијата е во завршна фаза на изготвување на кандидатски листи врз основа на бодувањето на колегите и лично смета за да не биде осуетен целиот процес на работа на Комисијата дека колешката Весна Дамева треба да биде изземена, не само во постапување за оценување на кандидатски листи само за конкретните четири судии за кои известила по година дена во завршна фаза пред изготвувањето на финалниот извештај, туку на нејзино место треба да се избере друг член и целата постапка да се спроведе законито без да биде осуетен изборот на било кој од кандидатите за Апелационен суд Скопје, а има голем број на кандидати. Посочи дека тоа што Судскиот совет го побарал како информација и е добиено од претседателите на Основен кривичен и граѓански суд Скопје не се доволни, бидејќи за тоа се добило сознанија, бидејќи се побарале информации, меѓутоа не се знае дали Комисијата знае дали има кандидати од другите судови и дали и таму се имаат обратено. Нагласи дека со продолжување на работата на членот на Комисијата ќе се осуети и ќе се стави еден прашалник во легитимноста на понатамошната работа на Комисијата. Напомена дека нејзин личен став

уште пред година дена кога се формирала Комисијата бил дека согласно духот на Законот за Судски совет сите Комисии треба да се формираат во состав двајца судии и еден член од редот на собранието, а од нив да се избере претседател. Истакна дека уште тогаш реагирала дека предметната Комисија се става под прашалник, со оглед на фактот дека двајца од членовите се избрани од редот на собранието, а во Комисијата за оценување и рангирање има само еден судија, меѓутоа, ниту тогаш тоа наишло на разбирање, ниту денеска. Предложи за да остранат недостатоците и во делот на формирањето на Комисијата, кое нешто требало пред година дена да се направи и сега веќе со личните конекции на член со одредени предмети, целисходно и законито е колешката да биде изземена од работа и таа да биде на чисто и сите кандидати да бидат задоволни и да знаат дека објективно и непристрасно ќе бидат оцените. Посочи да се избере нов член во Комисијата паралелно со другите двајца од редот на судиите.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека начинот на кој е формирана Комисијата за рангирање сите точно знаат дека е согласно Законот за Судски совет. Укажа дека во Законот за конкретната Комисија, па и за некои други не е наведен составот на членовите од каде доаѓаат, туку е точно кажано дека се формира по пат на ждрепка. Посочи дека Советот, согласно Законот за Судски совет ја формирал Комисијата и навистина пречи кога некој сега сака да ја осуети одлука што ја донел Советот пред година дена или да ја прикаже како незаконска. Нагласи дека станува збор за Комисија за рангирање којашто се формирала согласно Законот за Судски совет, така да во таа насока реагира и не сака да се става дамка на досегашното работење на Судскиот совет дали во тој поглед било по закон или не било по закон. Напомена дека во однос на тоа што сега има известување од колешката Весна Дамева, дали е задоцнето или не исто така сака да укаже читајќи ги наводите во известувањето, колешката известува веднаш по осознавање каде се јавува како странка правното лице што е управувано од страна на нејзиниот сопруг. Замоли да се задржат на конкретните известувања и да се одлучи по однос на материјалите што се добиени за конктретното прашање.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека ако се вратат записниците и тонските записи во моментите кога на седницата била конституирана предметната Комисија ќе се види дека сите дискутираат исто. Укажа дека останува на својата дискусија, колешката Весна Дамева на нејзината, така што и денес стои на кажаното.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека не сака да се навраќа на работите од пред две години, каде Судскиот совет расправал со часови и донел заклучок за постапување. Укажа дека судијата Лорета Георгиева имала две години доколку не се согласува со составот на Комисијата да поднесе иницијатива до Уставен суд. Посочи дека Советот не треба да дозволи некој да го одолговлекува изборот на судии во Апелациониот суд Скопје, кој е најголемиот суд и со индивидуални суети да се заглави целосно процесот кој е резултат на долготрајна работа. Нагласи дека има конкретно известување од страна на член на Советот дека од денот на сознавање, а Советот не е истражен орган да знае кога е осознаено или не, тука се говори врз основа на фактите кои се достапни, барани се и подетални податоци од судовите и добиен е

податок дека станува збор за четири судии и за тие четири судии еднииот член на Комисијата нема да постапува, ќе постапуваат останатите двајца членови од Комисијата. Напомена дека никаде во Законот и Правилникот не пишува дека мора тричлена комисија да расправа, колешката ќе се изземе и продолжуваат. Дополни дека ако се оди по предлогот да се изземе комплетната Комисија, треба да се формира нова Комисија. Тоа значи дека ќе биде потребен период од шест месеци и повеќе ако се земе во обѕир и судскта ферија. Тогаш нема да има судии во Апелационен суд Скопје до 2024 година, а тоа на никого не му одговара. Предложи поради сериозноста и итноста на работите членот на Советот Весна Дамева да се изземе од постапувањето во Комисијата само за посочените судии и да продолжи Комисијата со својата работа.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека бидејќи реагирала и пред година дена, со истите наводи е и денес. Укажа дека за иницијатива дали ќе поднесе или не, не размислувала. Од друга страна, дека Правилникот е чист и јасен кажува дека и подоцнежниот донесен Правилник точно го прецизирале тој дел и затоа реагира. Посочи дека воопшто не се работи за прашање на суета, ниту за прашање за непознавање на правото и на Законот. Нагласи дека реагирала навремено уште во моментот на формирање на Комисијата и побарала да се прегласа на начин на кој истата ќе биде формирана така како што треба. Ниту молчела, ниту размислувала поинаку од тоа што размислува сега.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека во интерес на времето, нема да се докажуваат сега за нешто што веќе е апсолвирано. Укажа дека има два предлога, да се ставаат на гласање.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека интернет врската со членот на Советот Павлина Црвенковска е прекината.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот на членот на Советот Селим Адеми го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 6 гласа „За“ и 2 гласа „Против“ предлогот не е усвоен.

Процедурално за збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и предложи согласно чл.13 ст.2 од Деловникот за работа на Судискиот совет да се гласа поединечно со кревање на рака, од причина што се сомнева во резултатите од гласањето преку електронскиот систем.

По спроведеното поединечно гласање со кревање на рака претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека со 7 гласа „За“ и 1 гласа „Против“ предлогот на членот на Советот Селим Адеми е усвоен.

Процедурално за збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и упати молба до колегите иако неговиот предлог е усвоен со 7 гласа „За“ и 1 гласа „Против“, сепак да се

овозможи предлогот истакнат од членот на Советот Лорета Горгиева да се стави на гласање.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека не е проблем да се стави предлогот, но побара истиот да се дефинира. Укажа дека не може да биде предлог прашањето на Комисијата за која е веќе донесена одлука пред година дена. Побара да го чуе предлогот на колешката.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и посочи да се врати записникот од пред година, две. Истото прашање, истиот предлог. Предложи членот на Советот Весна Дамева целосно да се изземе од работата во Комисијата, а на нејзино место да се избере член од редот на судиите.

Во продолжение Претседателот на Советот Сашко Георгиев предлогот на членот на Советот Лорета Горгиева го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 1 глас „За“ и 7 гласа „Против“ предлогот не е усвоен.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека се носи следната:

О Д Л У К А

Весна Дамева – член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, се иззема од постапувањето во Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, за избор на судија од основен суд кој се пријавува на огласот за избор во друг основен суд, како и за избор на претседатели на судови, по огласи објавени во Сл. весник на РСМ бр.154/21 и бр.266/21, формирана со одлука бр. 02-555/1 од 30.03.2022 година за судиите Александра Ристеска, Џенета Бектовиќ, Илија Трпков, судии на Основен кривичен суд Скопје и Благица Ѓошевска, судија на Основен граѓански суд Скопје.

● По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот **Сашко Георгиев** информираше дека согласно чл.23 ст.3 и ст.7 од Законот за административни службеници Генерален секретар во Судскиот совет на Република Македонија го назначува раководното лице на институцијата од редот на раководните вработени. Согласно чл.101 ст.2 од Законот за административните службеници глоба во износ од 7.500 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на раководното лице на институцијата, ако не назначи секретар од редот на раководните административни службеници, спротивно на чл.23 ст.6, ст.7 и ст.8 од истиот закон во рок од два месеца од денот на неговото именување на функција. Во таа насока предложи за ВД Генерален секретар да се назначи Весна Толева, актуелен Генерален секретар на Судскиот совет.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

РЕШЕНИЕ

Весна Толева се назначува за ВД Генерален секретар на Стручната служба на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Со посебно решение ќе се изврши распоредување на работно место и определување на плата.

Ова решение влегува во сила на 01.07.2023 година.

● Врз основа на чл.39 ст.2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот Сашко Георгиев предложи за последната потточка од дневниот ред јавноста да се исклучи од седницата.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја ИСКЛУЧИ ЈАВНОСТА од седницата за последната потточка на дневниот ред.

Се констатира дека претставниците на медиумите и друга поширока јавност ја напуштија седницата.

[redacted]

[redacted]

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 446-та седница на Советот и дека истата е завршена во 14:45 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Сашко Георгиев

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева